chamber investment forum
western balkans 6

Co-funded by the
European Union

# ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР
## КАТАЛИЗАТОР ЗА РЕГИОНАЛНА ЕКОНОМСКА ИНТЕГРАЦИЈА И ОТСКОЧНА ШТИЦА КОН ВНАТРЕШНИОТ ПАЗАР НА ЕУ

## КАКВИ ПРИДОБИВКИ ЌЕ ИМА ВАШАТА КОМПАНИЈА ОД ОВОЈ ПРОЦЕС?








Земјите од регионот на Западен Балкан (ЗБ) интензивно соработуваат за создавање на нови можности за развој, работни места и раст, додека извлекуваат максимум од придобивките од нивниот заеднички пат кон членство во ЕУ.

**Акцискиот план за Заеднички регионален пазар 2021-2024 г.,** којшто беше поддржан од лидерите на **шесте земји од Западен Балкан** (ЗБ6) – Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора, Северна Македонија и Србија за време на Самитот на Берлинскиот процес што се одржа на 10 ноември 2020 г. во Софија, претставува продолжение на напорите за унапредување на економската соработка меѓу ЗБ6.

Заедничкиот регионален пазар има цел да ја зголеми привлечноста и конкурентноста на регионот и да го доближи регионот до пазарите на ЕУ.

Процесот **не вклучува создавање нови институции или политички субјекти,** туку наложува координиран пристап од страна на владите на ЗБ6 во правец на создавање на област заснована на правилата и стандардите на ЕУ, којашто нуди **слободно движење на луѓе, стока, услуги и капитал** низ регионот и **заеднички пристап во полето на дигитализацијата, инвестициите, иновациите и индустријата.**

Заедничкиот регионален пазар претставува чекор кон **полното членство на земјите од ЗБ6 во ЕУ.** Затоа, чекорите во правец на создавање на Заеднички регионален пазар ќе продолжат паралелно со забрзаната интеграција и постепеното воведување во Внатрешниот пазар на ЕУ.

> **Иднината на целиот регион лежи во ЕУ. Споделуваме иста историја, споделуваме иста судбина. Западниот Балкан е дел од Европа...**
>
> Говор за состојбата на Унијата од Претседателката Фон дер Лајен, септември 2020

## КОЈА Е ЦЕЛТА НА ЗАЕДНИЧКОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР?

- Зајакната конкурентност на компаниите од ЗБ на европскиот и светскиот пазар
- Интегриран пазар од 18 милиони луѓе
- Подобра интеграција на економијата на ЗБ во европските вредносни синџири
- Потенцијал за дополнителен раст на БДП од 6.7%
- ЗБ во фокусот на странските инвеститори што настојуваат да го намалат растојанието до пазарите на ЕУ и да внесат разновидност во снабдувачите
- Побрзо закрепнување од пандемијата со ковид-19 за економиите од ЗБ




> Агендата на Заедничкиот регионален пазар претставува визија за просперитет на нашите граѓани кои се залагаат да ги уживаат истите слободи како и нивните сограѓани во Европската Унија.
>
> Декларација за Заедничкиот регионален пазар на лидерите од Западен Балкан

## ИСТОРИЈАТ НА ПРОЦЕСОТ

Заедничкиот регионален пазар се развива врз достигнувањата на **Повеќегодишниот акциски план за развој на регионална економска област** меѓу ЗБ6, којштo беше поддржан на Самитот во Трст што се одржа на 12 јули 2017 г. во рамки на Берлинскиот процес. Овој документ постави структурирана агенда за регионална економска интеграција што вклучува и унапредување на понатамошната трговска интеграција, воведување на динамичен регионален инвестициски простор, олеснување на регионалната мобилност и креирање на агенда за дигитална интеграција.

**Берлинскиот процес е дипломатска иницијатива отпочната во 2014 г. од страна на германската канцеларка Ангела Меркел со цел да се зајакне регионалната соработка во ЗБ и да се потпомогне интеграцијата на овие земји во Европската Унија. Процесот се одвива со поддршка од Европската комисија, меѓународни финансиски институции и земјите членки што се дел од Процесот – Австрија, Хрватска, Франција, Германија, Италија, Словенија и Обединетото Кралство.**

## ДОСТИГНУВАЊА НА РЕГИОНАЛНАТА ЕКОНОМСКА ОБЛАСТ 2017-2020

### ТРГОВИЈА

- Рамка за либерализација на трговијата со услуги;
- Одлука за воспоставување на процес на валидација за заемно признавање на програмите за Овластен економски оператор;
- Одлука за олеснување на трговијата со овошје и зеленчук;
- На сила целосна кумулација и поврат на царина.

### ИНВЕСТИЦИИ

- Зголемување на СДИ за 35% од 2016 г.;
- Агендата за регионална инвестициска реформа беше завршена и поддржана.

### ПОДВИЖНОСТ

- Декларацијата за признавање на високообразовните квалификации во економиите од ЗБ беше поддржана.

### ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

- Намалени давачки за роаминг на ЗБ за 86-96%;
- Организиран Дигитален самит на ЗБ.

## КАКВИ ПРИДОБИВКИ ЌЕ ИМА ВАШАТА КОМПАНИЈА ОД ЗАЕДНИЧКИОТ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР?

До јули 2021 г.:

- Проширување на Зелените ленти кон ЕУ
- Бесплатен роаминг во целиот регион
- Договор за патување со лични карти

| | | |
|---|---|---|
| Целосно признавање на документи поврзани со извоз, професионални квалификации и лиценци на цел Западен Балкан | Намалување на времето на чекање на границите до 70% преку едношалтерски систем, услуги достапни 24/7, Зелени ленти и Зелени коридори во рамките на ЗБ и со ЕУ | Намалени трошоци при плаќања во регионот; овозможување на регионален пазар за е-трговија |
| Укинување на условите за работна дозвола за меѓукомпаниски трансфери и даватели на услуги | СДИ во ветувачки одржливи регионални вредносни синџири | Регион без трошоци за роаминг и намалени трошоци за роаминг меѓу ЗБ и ЕУ |
| Регионална шема за поддршка на стартапи и иновации во ран развој, финансирана и од јавен и од приватен сектор | Заемно признавање на електронски потписи како и други форми на е-идентификација и услуги на доверба засновани на релевантното законодавство на ЕУ | Покривање на клучните индустриски градови со 5Г во секоја економија од ЗБ6 |

## КОЈ ГО ВОДИ ПРОЦЕСОТ?

Спроведувањето на Акцискиот план за Заеднички регионален пазар 2021-2024 г. останува одговорност на **јавните институции во секоја од економиите од ЗБ**, особено министерствата и институциите што го предводат спроведувањето на полето на економијата. **Секретаријатите на РСС и ЦЕФТА** ќе ги предводат регионалните организации за да го олеснат спроведувањето на Акцискиот план. Секретаријатот на РСС е надлежен за целокупната координација и надзор на Акцискиот план, додека Секретаријатот на ЦЕФТА е надлежен за спроведување на активностите поврзани со трговија.

## КОЈ ЌЕ ГО КООРДИНИРА ПРОЦЕСОТ?

RegionalCooperationCouncil

РСС ќе го поддржува спроведувањето на активностите во однос на зголемување на привлечноста на регионот за **странските инвеститори,** интеграција на ЗБ во паневропската **дигитална област,** надградување на индустриската и **иновациската инфраструктура** и напредување кон **слободно движење на луѓе и капитал.**

CEFTA Central European Free Trade Agreement

Секретаријатот на ЦЕФТА ќе го подржи извршувањето на активностите што настојуваат да го спроведат **ЦЕФТА 2006** и да понудат определби и придобивки за ЕУ и другите трговски партнери.

chamber investment forum western balkans 6

КИФ на ЗБ6 активно го поддржува процесот преку обезбедување придонес од бизнисите во фазата на планирање и преку надгледување на резултатите и обезбедување на повратна информација од деловната заедница, нагласувајќи ги нивните приоритети за време на спроведувањето.

ЕУ ќе продолжи да го поддржува процесот, вклучувајќи го и спроведувањето на **Економскиот и инвестициски план за ЗБ,** којшто има цел да го поттикне долгорочното економско закрепнување на регионот, да поддржи зелена и дигитална транзиција, да поттикне регионална интеграција и приближување до Европската Унија.




**Економскиот и инвестициски план** уредува значителен инвестициски пакет, мобилизирајќи и **до €9 милијарди финансии за регионот.** Ќе поддржува одржливо **поврзување, човечки капитал, конкурентност** и **инклузивен раст,** како и **двојната зелена и дигитална транзиција.**

Освен значителното финансирање преку грантови од ЕУ за регионот, ЕУ може да понуди и гаранции за да помогне да се намали трошокот на финансирање и при јавни и приватни инвестиции и да го намали ризикот на инвеститорите. Се очекува поддршката преку новиот Гарантен инструмент на Западен Балкан, под капата на Гаранцијата од надворешното дејствување на ЕУ (EU External Action Guarantee) и Европскиот фонд за одржлив развој + (EFSD+), да мобилизира потенцијални инвестиции и до €20 милијарди во наредната деценија

## КАКО ЌЕ БИДЕ ВКЛУЧЕН ПРИВАТНИОТ СЕКТОР ВО ОВОЈ ПРОЦЕС?

**Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан (КИФ ЗБ6)** е заедничка иницијатива на стопанските комори од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Црна Гора и Србија, основан во 2017 г. за време на Самитот во Трст, за да ѝ се даде единствен глас на деловната заедница во регионот и да се олеснат меѓуделовните контакти, како и да се промовира регионот како единствена инвестициска дестинација.

Претставувајќи **повеќе од 350.000 компании,** КИФ ЗБ6 е активно вклучен во планирањето и спроведувањето на Акцискиот план преку нудење на мислењата, приоритетите и повратните информации од деловната заедница.

**Бизнис-советот на КИФ ЗБ6,** како советодавно тело на Управниот одбор на КИФ ЗБ6 составено од сопственици или раководство од Ц-ниво од 16-те водечки компании што работат на ЗБ, врз основа на мерливи критериуми, ќе **го надгледува напредокот на спроведувањето** на Акцискиот план и **редовно ќе ги информира владите** на ЗБ, како и сите засегнати страни во процесот, за состојбата на терен, нудејќи, врз основа на искуството од секојдневната работа и деталните анализи, **конкретни предлози и препораки околу мерки за отстранување на бариерите, намалување на трошоците и олеснување на условите за водење бизнис во регионот и со ЕУ.**

Советот ќе донесе пофлексибилен, небирократски пристап во решавањето на проблемите со коишто економијата се соочува секој ден и нов поттик во дијалогот на деловната заедница од регионот со владите на ЗБ и институциите во Брисел.

### ВКЛУЧЕТЕ СЕ ВО ПРОЦЕСОТ

- Контактирајте го КИФ ЗБ6 и стопанските комори членки на КИФ ЗБ6 за пречките со коишто се соочувате во регионалната соработка;
- Дајте предлози за отстранување на бариерите во регионалната соработка;
- Следете ги нашите активности на надгледување и документирање на видливиот напредок според деловната заедница од регионот.

### Активности на КИФ ЗБ6 во процесот:

- Индивидуално скроена поддршка за компании од регионот за барање на деловни можности и можности за финансирање надвор од границите
- Онлајн база со информации за влез во регионалните пазари
- База на податоци со информации за пазарот за поддршка на интернационализацијата на МСП
- Б2Б-настани и инвестициски конференции
- Спроведување мапирање на снабдувачи и координирање на програмата за развој на регионални снабдувачи, со посебен фокус на автомобилската, земјоделско-прехранбената индустрија и циркуларната/зелена економија

## I Регионален трговски простор

# АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЗАЕДНИЧКИ РЕГИОНАЛЕН ПАЗАР (2021-2024): ОБЛАСТИ ВО ФОКУСОТ И РЕГИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ

- Одржување на **Зелените ленти** и нивно проширување кон граничните премини (ГП) со ЕУ;
- Воведување на **едношалтерски систем** на одбрани ГП/заеднички гранични премини (ЗГП) и поедноставни формалности – **намалување од 70% на времето на чекање на границите;**
- Овозможување на **24-часовна достапност на услугите** на одбрани ГП/ЗГП;
- Усогласување на **работното време на агенциите** што го вршат царинењето на стоката;
- Подобрување на системот на ленти за подобро управување при **периодите со најмногу сообраќај;**
- **Забрзување на протокот** на одредени **основни производи** (на пр., свежи земјоделски производи);
- Отстранување на **нецаринските бариери;**
- Воспоставување на ефикасен и делотворен **механизам за решавање на спорови;**
- Надградување **базите на податоци со трговските мерки** на членките на ЦЕФТА и да се контролира **државната помош и конкуренција;**
- Воспоставување на регионална соработка во поглед на **еколошките прашања поврзани со трговијата** (на пр., мерење на $CO_2$), **заштита на потрошувачи и надзор на пазарот, јавни набавки;**
- Подобра размена на информации околу **давачките и таксите за бизнисите, просечното време на издавање, можностите за трговија за МСП.**

### СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА СТОКИ

Програми за заемно признавање (ПЗП) за индустриски и земјоделски производи

Заеднички стратегии и дејства за управување со царински ризици поддржани од нови ИКТ-решенија

Управувањето со ризици и систематската размена на податоци сега ја опфаќа целата процедура на царинење

Електронска размена на податоци

### СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА УСЛУГИ

Туризам, финансии, достава на пратки и електронска трговија

Признати професионали квалификации врз основа на општиот систем на признавање на ЕУ

Пакет за либерализација на трговијата со услуги

### СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА ЛУЃЕ

Слободно движење во регионот на ЗБ врз основа на Слободно движење со лична карта за трети лица без визи.

Без потреба од работни дозволи за трансфери во компанијата и даватели на услуги

### СЛОБОДНО ДВИЖЕЊЕ НА КАПИТАЛ

Инстантни домашни плаќања поврзани со регионот

Економични плаќања во рамки на регионот и со ЕУ – чекор кон Единствената област за плаќање со евра (SEPA)

Регионална соработка со областа на банкарството и небанкарските финансии

## II Регионален инвестициски простор

- Воспоставување на соработка меѓу државните агенции за промоција на инвестиции и координирање на **регионален пристап за промоција** за да се привлечат инвестиции во приоритетни целни сектори/вредносни синџири;
- Овозможување на брзо **решавање на споровите на СДИ;**
- Спроведување на реформи на регионалната инвестициска политика и обезбедување на **транспарентност на инвестициските стимулации.**

## III Регионален дигитален простор

- Обезбедување на **фиксен пристап до интернет со широк опсег** на најмалку **95% од домаќинствата** во секоја економија;
- Развој на **регионален оперативен план за 5Г:** опфаќање на главните индустриски градови и најмалку еден главен коридор во регионот до крајот на 2023 г. и 2025 г. редоследно;
- Отстранување на **давачките за роаминг** во рамки на ЗБ и да се намалат давачките за роаминг меѓу ЗБ и ЕУ;
- Утврдување на потребите од **дигитални вештини** на ЗБ на целни групи (на пр., стартапи/млади, возрасни) и обезбедување на соодветна **обука;**
- Унапредување на **дигиталната економија:** регионална меѓуоперативност на патаринските услуги, мрежа на паметни градови, унапредување на ВИ, учество на ЗБ во проекти за пресметување со високи перформанси (HPC), регионална соработка за развој на е-влада.

## IV Регионален индустриски и иновациски простор

- Интеграција на во **Европскиот истражувачки простор** (Платформа за иновација и истражувања на ЗБ);
- Поддршка за воспоставувањето на **акцелератори и инкубатори** (Мрежа од центри за дигитална иновација на ЗБ);
- Да се охрабри **пренесувањето на знаење од експерти од дијаспората;**
- Поддршка за **стартапи/ММСП** што се фокусираат **на зелена економија, одржливи системи на храна, производство на чиста енергија и преработувачка индустрија;**
- Поврзување на **домашните снабдувачи** со **мултинационалните компании** низ ЗБ;
- Обезбедување на **база на податоци** за пазарни информации и важни информации за **интернационализација на МСП** (надградба на постојната електронска платформа за МСП на ЗБ, www.wb6cif.eu);
- Развивање на **конкурентските предности** на **регионалната автомобилска индустрија;**
- Изготвување на рамка за спроведување на **проекти насочени кон зелена и циркуларна економија;**
- Изготвување на  регионален оперативен план „Од нива до трпеза“ и промоција на **одржливо производство и консумирање на храна;**
- Подигнување на свеста во регионот за **стандардите за квалитетот на храната на ЕУ;**
- Надградба на **финансиската поддршка** за **креативните индустрии;**
- Зголемување на **конкурентноста** на **металопреработувачката индустрија** по пат на модернизирање на наставните програми и стимулирање на енергетската ефикасност;
- Промоција на **регионален одржлив туризам.**

Контактирајте нè за повеќе информации или за да се вклучите во процесот:

chamber investment forum
western balkans 6

Коморски инвестициски форум ЗБ6
T:   +39 040 670 1325
E:  office@wb6cif.eu
B: www.wb6cif.eu ; www.investinsee.com
14, Piazza della Borsa, Трст, Италија

## Стопанска комора на Северна Македонија

Татјана Штерјова-Душковска
T: +389 2 3244 065
E: tatjana@mchamber.mk
B: www.mchamber.mk

## Стопанска комора на Србија

Марко Мандиќ
T: +381 11 41 49 479
E: marko.mandic@pks.rs
B: www.pks.rs

## Комора за надворешна трговија на Босна и Херцеговина

Данијела Ковач
T: :+387 33 566 267
E: danijela.kovac@komorabih.ba
B: www.komorabih.ba

## Стопанска комора на Црна Гора

Балша Ќулафиќ
T: +382 20 230 446
E: bculafic@pkcg.org
B: www.privrednakomora.me

## Стопанска комора на Косово

Парим Бајрами
T: : +383 (0) 44 900 993
E: parim.bajrami@oek-kcc.org
B: www.oek-kcc.org

## Федерација на стопански комори на Албанија

Евис Дино
T: +355 (0) 44500221
E: info@uccial.al
B: www.uccial.al

